# ТВ НОВА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

ТВ Нова во периодот од 5-9 септември и од 12- 16 септември 2016 објави 67 прилози за актуелни политички случувања. Најмногу од вестите беа посветени на изборните активности на партиите (16). Во 9 прилози се информираше за работата на институциите (евроинтеграциите, потпишување договори, посети). Во 6 прилози тема е организацијата на изборите (ДИК, ИЕ6), а во исто толку (6) економската состојба (невработеност, инвестиции). Работата на СЈО кое беше актуелно по објавувањето на првите две обвиненија е тема во 7 прилози на оваа телевизија, додека по 4 прилози има за состојбата со медиумите и за предлогот на Заев за широка употреба на албанскиот јазик во земјава.




**Број на прилози на ТВ Нова според теми (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (подготовката на избирачкиот список, проблемот со прекумерниот број гласачи во шестата изборна единица итн). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии (сите активности што вклучуваа најави, ветувања и реакции на нив). |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата (мерките, најчесто во земјоделството, ги промовираа владини претставници од ВМРО-ДПМНЕ). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција политичките партии и лидери |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владините претставници |
| Тема 6 | Други активности на владините претставници |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (вклучувајќи и други теми поврзани со СЈО, како очекувањето Уставниот суд да се изјасни за неговата уставност) |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (вклучувајќи ги и собраниските седници на оваа тема) |
| Тема 9 | Одбележување 25 години од независноста на Македонија (вклучувајќи ги и аналитичките прилози за тоа до каде стигнала државата) |
| Тема 10 | Чествување на Мајка Тереза |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (долгот на државата кон стопанството, статистиките за невработеноста, подготовката на буџетот) |
| Тема 13 | Задолжувањата и јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Работата на институциите |
| Тема 16 | Други теми |

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најмногу од прилозите како субјект се појавува владејачката ВМРО ДПМНЕ (61), додека СДСМ се споменува во (39). СЈО е субјект во 9 прилози, додека медиумското АД хок тело во 8, заедно со други институции како помали политички партии, невладини организации.... ДИК се споменува во 7 прилози во овој период. Најчесто новинарот и редакцијата не изразуваат личен став во прилозите. Од анализата се гледа дека во 7 има афирмативен, став кон активностите на владејачката ВМРО ДПМНЕ, додека негативен има во 7 прилози. од кои 5 се однесуваат на СДСМ и по еден за АД хок телото за медиуми и за СДСМ.

Промовирањето на активностите на Владата и владејачката ВМРО ДПМНЕ и натаму останува белег на вестите на ТВ Нова. За разлика од претходно, сепак тој став е многу помалку застапен, исто како и негативниот однос посебно кон опозициската СДСМ. Се зголемува бројот на прилози во кои се информира за настаните, без заземање страна, за сметка на коментаторските.




**Број на прилози и начин на врамување на политичките субјекти (5 - 9 и 11 - 16 септември)**

# 3. КОРИСТЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ

Најмногу од прилозите наведува само еден извор на информација (35). Онаму каде се користат три или повеќе извори (20 прилози) најголем број (114) се со контра гледишта. Во прилозите каде се наведуваат два извори (12), најголем број се со исти стојалишта (8).




**Користење на изворите во вестите на ТВ Нова (5 - 9 и 11 - 16 септември)**